## Марија Магдалена Петковска-Микаровска: посебен советник за меѓународна соработка

Работни задачи:

- Ја советува министерката за култура за решавање на најсложени работи за остварување на програмата за работа во секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО;
- Следење на проекти што се однесуваат на соработка со меѓународни организации од обласга на културата ;
- Изработка на стратегии за развој на културата и културни политики;
- Спроведува задачи и надлежности делегирани од министерот
- Нето плата 45.000 денари

## Јована Андоноска: посебен советник за правни работи

Работни задачи:

- Ја советува министерката за решавање на најсложени работи за нормативно-правни работи
- Следење на прописи и давање мислења по правни прашања ;
- Изработка на стратегии за културата и културни политики;
- Спроведува задачи и надлежности делегирани од министерот и за својата работа одговара пред министерот
- Нето плата 35.000 денари

## Вера Новакова: посебен советник за култура

Работни задачи :

- Ја советува министерката за решавање на најсложени работи за остварување на програмата за работа на министерството во делот на дејноста од областа на културата и уметноста, во издавачката дејност и работи кои што се однесуваат на заштита на културното наследство;

- Предлага акти и мерки за развој и унапредување на културата ;

- Комплетна поддршка на активностите на министерката за време на протоколарни, работни и официјални средби и состаноци

- организирање на најразлични манифестации, трибини конференции и настани од доменот на односи со јавноста-кратко ажурирање и информирање за лицата или институциите со кои треба да се оствари средба, подготовка на презентации, изработка на работна агенда, подготовка на говори,

- Извршува други работи и задачи доверени од министерката
- нето плата 50.000 денари